# Училишен весник бр.2

**1.1.2024**

Среќна Нова 2024 година - мир, радост, здравје, спокој и благосостојба!




**12.1.2024**

На Меѓународната смотра - деветта по ред, од проектот "Пеј, свири, играј" он-лајн учество земаа и нашите ученици.
Проектот е од мотивациски - едукативен - презентациски и мултимедијален карактер, а неговата цел е да се потенцира важноста на песната, играта и музичкото творештво воопшто, во целокупниот развој на сите деца. #pevajsvirajpleshi

Оваа година нашето училиште учествува со рециталот на песната "Цветови" од Славко Јаневски во изведба на членовите на Драмската

секција, под менторство на наставничката Менка Стојановска, проследен од хорот и вокалните солисти под водство на наставничката Жанета Дивјакоска Донева и песната "Ми заплакало селото Ваташа" 🕊️

Честитки за учениците и нивните ментори за успешното и достојно претставување на нашето училиште, за учество во проект каде се реализира меѓународна соработка на над 250 групи од Хрватска, Македонија, Словенија, Србија и Црна Гора.




**23.1.2024**

"БЗР од МАЛИ нозе" е проект кој е поддржан од МОН и БРО, а во 2023 година се реализираше по петти пат се со цел подигање на јавната свест за градење на култура за безбедност и здравје при работа кај учениците, од најмала училишна возраст.

Меѓу страниците на Збирката песни и раскази на учениците - творци се најде името и на нашата ученичка Ива Минова од 7¹ одделение која заедно со својата наставничка по предметот Македонски јазик, Јулијана Димовска зедоа учество во проектот.

Чест и задоволство е да се биде дел од проектот "Безбедност и здравје при работа од мали нозе" кој неколку години по ред поттикнува, обединува и помага при подигнување на колективната свест во друштво на 200 ученици од 26 основни училишта од нашата држава.




**8.2.2024**

Учениците од Дневен престој во нашето училиште, заедно со наставничката Сузана Тодорова Николовска реализираа креативна работилница - Ткаење 🇲🇰 ✨Совладуваме нови техники, твориме, се надоградуваме и креативно се изразуваме негувајќи ја традицијата



**9.2.2024**

Учениците од $8^2$ и $8^4$ одделение реализираа вонучилишна активност при што го посетија Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, каде се запознаа со темата, а во рамки на активноста ја посетија и црквата Св.Димитрија.

👉Учениците се запознаа со животот, културата и традицијата на Евреите во Македонија. Имаа можност да видат оригинални предмети од секојдневниот живот и практикување на религијата на Евреите како и аудиовизуелни содржини кои вклучуваат и сведоштва на преживеаните Евреи од Македонија по трагичното патување до логорот Треблинка.

📍Историските факти не се бришат, а целта на сеќавањето на една од најцрните дамки во историјата на човештвото - холокаустот, е токму тоа, да не ја повториме грешката, да се научиме на соживот, толеранција и почитување на човековите права‼️




**19.2.2024**

Уште еден голем успех на нашите ученици, во вториот круг од квизот на знаењата - "Ученичка квизотека", во организација на Detski kulturen centar "Karpos" Детски културен центар „Карпош"-Скопје❣️
🎖️На 15.2.2024 година, нашите ученици Зоја Спасеноска $8^1$ одделение , Борјан Јосифов $8^4$ одделение и Ема Алаѓозовска $9^3$ одделение, во прекрасна атмосфера и одлично расположение, го освоија 1️⃣ПРВОТО1️⃣ место 🏆🥇🏆
👏Им честитаме на нашите претставници и им посакуваме понатамошен успех во натпреварот‼️



**21.2.2024**

По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21ви февруари, во ООУ "Блаже Конески" - Аеродром се одржа пригоден настан под мотото "Македонскиот јазик како аманет за навек" 📖

📌Директорката од нашето училиште, Фоника Станоева со претставници од наставниците и учениците, го посетија одбележувањето на празникот, како и многу други гости на училиштето - домаќин, меѓу кои и големиот македонски автор за деца и млади, Велко Неделковски‼️

👏Честитки за нашата ученичка, Михаела Стојкоска од 8² одделение и нејзиниот наставник - ментор, м-р Милка Тримчевска за освоена трета награда на Литературниот конкурс во категорија на ученици од предметна настава 🍀

❣️Искрени честитки и за колегите од Блаже Конески Аеродром за успешната реализација на настанот со желби за уште повеќе вакви и слични случувања 👏



**21.2.2024**

Учениците од Активот на второ одделение заедно со своите наставнички го одбележаа 21ви февруари - Меѓународниот ден на мајчиниот јазик #MotherLanguageDay

❣️Тие ја истакнаа важноста на нашиот мајчин јазик, но и на сите јазици во светот, пишувајќи го зборот

💕ЉУБОВ💕 на повеќе јазици #love#amour#sevgi#ljubav#älskar#cinta

- Со ова потенциравме една од главните нишки на празнувањето на овој ден, а тоа е промоцијата на лингвистичката и културната разновидност, но пред сé важноста и уникатноста на секој јазик на планетата Земја



**8.3.2024**

По повод Меѓународниот ден на жената - 8ми Март, во нашето училиште се одржа ученичка дебата, на тема "Улогата на жената во современото граѓанско општество" #8миМарт

🦋 На дебатата учествуваа ученици од 8️⃣и 9️⃣одделение, а модератор беше наставничката по граѓанско образование, Даниела Гаштаровска❣️



**16.3.2024**

На Регионалниот натпревар по Географија кој се одржа на 16.3.2024 година, нашите ученици со својот наставник - ментор постигнаа одлични резултати 🗺️🥇🗺️

🏔️ Наградените ученици, согласно освоените поени се стекнаа со право на учество на Државниот натпревар - им посакуваме уште поголем успех‼️



**16.3.2024**

На 16ти март во СУГС "Ѓорѓи Димитров" - Скопје се одржа Државниот натпревар по Германски јазик #Alemania🇩🇪
👏Честитки - нашите ученици и менторите постигнаа одлични резултати




**19.3.2024**

Тимот на Мрежа Стела продолжува со циклусот на работилници со наставнички од основни училишта. Нашето училиште ја имаше честа, минатата недела да биде домаќин на работилницата „Важноста на менторството и вовед во менторската програма на Стела" – која е уште една во низата активности од овој проект кој е во партнерство и со финансиска поддршка на Британската амбасада.

🌸Под водство на проф. д-р Мира Беќар, наставничките имаа можност да се запознаат со процесите на менторство, придобивките од истото, како и

различните формати и средини на спроведување. Во склоп на работилницата се разви и дискусија за предизвиците со кои се соочуваат наставничките во нивното секојдневие особено во делот на насочување на учениците согласно нивните сопствени убедувања и вештини.

👉Наставничките се запознаа и со работата на Мрежа Стела, како и со работата и целите на Женската менторска мрежа.

🍀Благодарност за посветеноста и пријатната атмосфера која ја создадоа предавачите и во која работилницата се реализираше повеќе од успешно 👏

❣️Голема благодарност и до Здружението за значењето на еколошкото образование во осовременување на образованиот процес (ЗЕОООП СК), со чија поддршка ја организиравме оваа работилница.



**20.3.2024**

ЕЛТАМ - Општинскиот натпревар по Англиски јазик годинава се реализираше на 16ти март во ООУ „Кирил Пејчиновиќ" - Скопје, а нашите ученици беа повеќе од одлични #englishlanguage🇬🇧🍬🇬🇧

🥇🥈🥇Ученичките Екатерина Пејковска и Јана Грижева кои освоија прва награда во своите генерации, како и ученичката Симона Драгутиновиќ која освои втора награда, беа учесници со најголем број освоени поени - секоја

во својата категорија 🏆

👏Честитки за учениците и менторите и посакуваме уште поголеми успеси во иднина‼️ #ContestChallenge #contestwinners #englishlanguagecontest




**21.3.2024**

Светски ден на лицата со Даунов синдром - 21ви март - симболично одбран датум поради трите копии на 21-от хромозом (трисомија 21) што се присутни во клетките на лицата со оваа состојба #WorldDownSyndromeDay2024

🌸Учениците заедно со наставничките и со одлични инструкции од Образовните асистенти во нашето училиште, своите изработки ги посветија токму на лицата со Даунов синдром, во знак на поддршка за покренување на свеста за овој синдром и со порака за соодветна инклузија и секој ден да е 21ви март




**21.3.2024**

21ви март, Денот на екологијата, првиот пролетен ден, нашите ученици го одбележаа со разни еколошки активности, како чистење на училиштето и негово разубавување и облагородување со најубавите цвеќиња и растенија 🌸🌿

- 🌼 💐Боите на пролетта беа инспирација за креативните и вредни раце на нашите ученици во изработувањето на цветните аранжмани со кои го украсија училиштето.



**27.3.2024**

🎭По повод 27 март, Светскиот ден на театарот, но и за продлабочување на знаењата за наставната содржина по Македонски јазик - Медиумска култура, учениците од 2⁴ одделение заедно со наставничките Ивана Величковска и Анита Атанаскоска беа во посета на Македонски народен театар / Makedonski naroden teatar

❣️Учениците во пријатна атмосфера прошетаа низ театарот и ги посетија големата и мала сцена. Се запознаа со реквизитите кои се местат на сцена, техниките за пуштање светло и тон, костимите на актерите и се друго што е потребно за реализација на една претстава #theatrereview



**28.3.2024**

На 26ти март, со цел да ги продлабочиме знаењата по предметите Хемија и Природни науки, учениците од седмо, осмо и деветто одделение, предводени од наставничката Љупка Симоска, присуствуваа на Хемискиот спектакл на Институт за хемија - ПМФ

👨‍🔬На спектаклот беа изведени интересни и ексклузивни експерименти и сите експерименти беа научно објаснети 👩‍🔬




**2.4.2024**

,,2 Април, Светски ден за подигнување на свесноста за аутизам"
#autismawareness#weareallunique

❣️Со поддршка на тимот на ОУРЦ „д-р Златан Сремец" во одбележување на Неделата за подигнување на свесноста за аутизмот, од 2 до 8 април, на тема „Аутизмот не е невидлив" нашите наставници и стручни соработници, заедно со образовните асистенти во нашето училиште и учениците реализираа повеќе активности на оваа тема во знак на поддршка, но и да повикаме уште еднаш на тоа дека

СИТЕ СМЕ ЕДИНСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ЈА ПРАВИМЕ ГОЛЕМАТА СЛОЖУВАЛКА КОЈА ПОРАДИ УНИКАТНОСТА НА СЕКОЈ ОД НАС Е ТАКВА УБАВА - ШАРЕНА И ЕДИНСТВЕНА ‼️🌈



**4.4.2024**

Одбојкарките од 6️⃣и 7️⃣одделение од нашето училиште го освоија ПРВОТО место во Училишната одбојкарска лига на ниво на Општина Аеродром.

👏Честитки за девојките и наставничката - ментор Даниела Маневска и им посакуваме уште многу освоени првенства



**4.4.2024**

Во духот на убавите вести ги објавуваме и резултатите на учениците од 5️⃣ одделение од Регионалниот натпревар по математика 🥇🥈🥉

✨Резултатите се одлични, а ние посакуваме да бидат уште повпечатливи на Државниот натпревар

👏 Честитки за учениците и наставниците




II место
Анја Алексовска
Наставник – ментор: Фимка Сидовска
Ивана Стоиловска
Наставник – ментор: Биљана Тасева
Јана Василева
Наставник – ментор: Светлана Јовчевска
Филип Јакимовски
Марко Наумов
Наставник – ментор: Славица Стојчевска
III место
Ведран Дувчевски
Наставник – ментор: Фимка Сидовска
Ана Давитковска
Наставник – ментор: Биљана Тасева
Јаков Спасеновски
Наставник – ментор: Емилија Цветановска



## Пофалница

Дарија Стевковска  Филип Шајновски
Лука Ниневски  Ана Хочевар
*Наставник – ментор: Фимка Сидовска*

Ангела Јованова  Коста Цигулевски
*Наставник – ментор: Светлана Јовчевска*

Ивана Трајковска
*Наставник – ментор: Славица Стојчевска*

## Учество

Марија Станисавовска
*Наставник – ментор: Фимка Сидовска*

Лина Христовска
*Наставник – ментор: Биљана Тасева*

Никола Стојковски
Матеј Ризовски  Клара Додов
*Наставник – ментор: Емилија Цветановска*

Виктор Арсиќ  Дариа Димитровска
Доријан Николовски
*Наставник – ментор: Славица Стојчевска*

**4.4.2024**

📌 Во рамки на наставната програма по предметите Информатика и Техничко образование - тема "Сообраќај", учениците од $IV^{1}$ , $IV^{4}$ и $IV^{5}$ одделение беа во посета на Воениот аеродром.

📌 🚁Учениците со возбуда го следеа полетувањето на хеликоптерот, беа воодушевени од неговата внатрешност, ги разгледаа хангарите каде што се чуваат леталата и научија многу интересни нешта за воздушниот сообраќај ✈️🪂



**11.4.2024**

Учениците од IV-2, IV-3 и IV-6 одделение, заедно со наставничките Катерина Тасевска, Марина Спасовска и Елизабета Славковска остварија посета на Музејот на Македонската Борба и Старата скопска чаршија и ги проширија знаењата по предметот историја и општество.



**12.4.2024**

Пораката за среќен роденден на нашата најмила и најубава Општина Аеродром ја примивме од учениците на ООУ Александар Македонски, а ќе ја предадеме на учениците од ООУ "Блаже Конески" - Аеродром ✨

- 🎊 Со идејата оваа искрена порака да допре насекаде и до секого учениците од сите училишта и дечињата од градинките во еден глас извикуваат:
- 🎊
- 🎉 🍀Среќен роденден драго наше катче на кое му се радуваме и во кое другаруваме секој ден. Секојдневно расти и разубавувај се, а ние ќе растеме среќни и безгрижни со тебе.

